ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 19 – 159/15

Дата: 16.10.2015

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст Министерство) на сметката на буџет на донации (785ЈО) за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Министерството за 2014 година изразивме воздржано мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за 2014 година констатирано е дека не е извршен попис на средствата, обврските и побарувањата на крајот на 2014 година, а исто така и при сметководствено евидентирање на обврска не се презентирани веродостојни и точни документи.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.
Законскиот застапник на субјектот до Државниот завод за ревизија достави известување за преземени мерки по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 19-159/7 од 31.07.2015 година, кои ќе бидат предмет на проверка во понатамошниот период.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за животна средина и просторно планирање на сметката на буџетот на донации (785ЈО), која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2014 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на сметката на буџетот на донации (785ЈО) на Министерството за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:
- Абдилаќим Адеми – министер, потписник до 25.06.2014 година;
- М-р Нурхан Изаири – министер, потписник од 25.06.2014 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени процени кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерството се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени процени направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 3 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани

во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и се прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09/03/2015 до 05/06/2015 година кај Министерство за животна средина и просторно планирање од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 03 јуни 2015 година. По барање на министерот, на 01 јули 2015 година, се одржа средба на која повторно беа дискутирани дел од состојбите констатирани со извршената ревизија.

Законскиот застапник на субјектот до Државниот завод за ревизија достави известување за преземени мерки по дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 19-159/7 од 31.07.2015 година, кои ќе бидат предмет на проверка во понатамошниот период.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Финансиски извештаи
### Биланс на состојба

3.1.1. Надлежното лице на Министерството формирало комисија за попис на паричните средства, обврските и побарувањата согласно член 30 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, но пописот не е извршен, не се изготвени пописни листи и Извештај за извршениот попис, како што е пропишано со одредбите од член 33, 34 и 35 од истиот Правилник.

Заради наведената состојба не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба за да се потврдат состојбите на билансните позиции од финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2014 година.

Врз основа на изнесеното, ревизијата не обезбеди докази дали состојбите на поодделните билансни позиции се реално, објективно и целосно искажани во сметководствената евиденција и во Билансот на состојба.

Неспроведениот попис на крајот на годината, како една од најважните активности за усогласување на состојбата на средствата, обврските и побарувањата искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, претставува ризик за нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за целосно и навремено спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските на начин предвиден со подзаконскиот акт.

3.1.2. Врз основа на примена фактура од август 2014 година, Министерството презело финансиски обврски во износ од 355.202 NOK или во денарска противвредност од 2.610 илјади денари кои треба да се исплатат на агенција за животна средина-нериздент на РМ по основ на реализација на проектот„Зајакнување на капацитетите за олеснување на спроведувањето на Европската шема за трговија со емисии во Република Македонија“. Кон фактурата приложена е спецификација на трошоци, но не и уредни и веродостојни документи кои ќе ја потврдат точноста и реалноста на настанатата трансакција.

Оваа состојба не се во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и одредбите од склучените договори, заради што ревизијата не се увери во реалноста и точноста на евидентираните обврски. Истовремено, наведените состојби претставуваат можен ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да ги преземат сите потребни мерки со кои ќе обезбедат евидентирањето во деловните книги да се темели врз основа на уредни и веродостојни документи кои ќе бидат основа за целосни и точни плаќања.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесениот наод во точката 3.1., кои се основ за изразување мислење, се :

- На крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2014 година, не е извршен попис на средствата, обврските и побарувањата и
- Извршено е евидентирање на обврски без приложени веродостојни документи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 3.1., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање, кои се предмет на ревизија.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 3.1., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Ревизијата смета дека потребно е да се обрне внимание на начинот на реализација на проектот „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија“, чија основна цел е градење на капацитетите и трансфер на знаење во областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето.

Во октомври 2012 година, Министерството склучило договор за заедничка соработка со Министерство за надворешни работи на друга држава и неговите партнери (организација од истата држава и невладина организација од Република Македонија) за доделување средства, со цел зголемување на капацитетите и спремноста на вработените во Министерството – Управа за животна средина, надлежни за интегрирано спречување и контрола на загадувањето. Согласно одредбите од склучениот договор, по примената уплата на парични средства од страна на донаторот на сметката на буџет на донации, истите веднаш и однапред на годишна основа да се исплатат на сметка на организацијата од друга држава - имплементатор на проектот. Со оглед на тоа дека и донаторот на средствата и неговиот партнер - имплементатор на проектот се резиденти на иста земја, ваквиот начин на

реализација на проектот, каде буџетската сметка за донации на Министерството служи исклучиво за трансфер на паричните средства, претставува ризик за наменско и незаконско трошење на средства, како и можност на злоупотреба на истите. Кон ова се надоврзува и фактот што, во моментот на вршење на ревизијата Министерството доцни во исплатата на средствата кон имплементатор на проектот, што претставува непочитување на одредбите од договорот. Поради тоа постои опасност идните активности на донаторот да бидат во насока на преземање правни мерки за присилно наплатување на префрлените средства.

**7. Останати прашања**

Во текот на ревизијата од страна на Министерството прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, а се однесуваат на сметководствено евидентирање на фактура во износ од 355.202 NOK или во денарска противвредност од 2.610  илјади денари, која првично била евидентирана на сметката на основен буџет 637 во девизна валута. Поради ова сметките Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачи се зголемија за наведениот износ.
Ревизијата за прифатената корекција обезбеди налог за книжење број 100500 и истата предизвика зголемување на состојбата на активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба за 2.610 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 18.603 | 29.684 |
| **Вкупно приходи** | **18.603** | **29.684** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 9.872 | 12.533 |
| **Вкупно тековни расходи** | **9.872** | **12.533** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 500 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **500** |
| **Вкупно расходи** | **9.872** | **13.033** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8.731** | **16.651** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2014 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 8.731 | 16.651 |
| Побарувања од вработените | 179 | 179 |
| Финансиски и пресметковни односи | 0 | 85 |
| Активни временски разграничувања | 5.730 | 3.120 |
| **Вкупно тековни средства** | **14.640** | **20.035** |
| **Вкупна актива** | **14.640** | **20.035** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2.629 | 19 |
| Пасивни временски разграничувања | 12.011 | 20.016 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14.640** | **20.035** |
| **Вкупна пасива** | **14.640** | **20.035** |